**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Бр. 1403 – 135/15**
**Скопје, 20. 02. 2007 година**

**ДО**
**ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ОПШТИНА КУКЛИШ**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Органот на општина Куклиш за 2005 година, кои се прикажани на страните од 4 до 6.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е извршена согласно член 38 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи на Органот на општина Куклиш за годината која и претходи на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од :

- Киро Христов, Градоначалник на општина Куклиш, до 29.04.2005 година, денот на конституирање на новиот Совет на општина Струмица кон која е припоена општина Куклиш.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните од 1 до 3 и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој извештај е планирана и извршена во период од 23.11. до 24.11.2006 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:

- дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива;
- дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користени сметководствени принципи, како и на важни проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2005 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

**10.1. Неправилна примена на актите**

10.1.1. Општина Куклиш во својата евиденција го нема евидентирано имотот добиен согласно Решението бр. 23-257/104 од 08.02.2000 година, за пренесување на право на сопственост на недвижен имот од Република Македонија на општина Куклиш врз основа на спроведен делбен биланс, донесено од Владата на Република Македонија. Во врска со имотот со кој располага и е сопственост на општината нема обезбедено имотни листи од Републичката геодетска управа. Причина е неажурноста на надлежните служби во општина Куклиш. Поради тоа искажаната состојба на материјалните средства на 30.06.2005 година не ја претставува реалната состојба на имотот на општината.
**Препорака:**
На основа решението и имотните листи кои треба да се обезбедат од републичката геодетска управа, да се изврши евидентирање на материјалните средства сопственост на општина Куклиш, сега сопственост на општина Струмица.

**10.2. Неправилна примена на сметководствени политики и начела**

10.2.1. Не се евидентирани материјални средства (улици, патишта и други објекти). Општината Куклиш има и располага со материјални средства како што се улици патишта и други објекти кои во книговодството на општината не се евидентирани на соодветните сметки пропишани со Правилникот за сметковниот план на буџетите и буџетските корисници и Правилникот за содржината на одделните сметки во сметковниот план за буџетските корисници. Во текот на 2005 година, на објекти од овој вид по разни основи, има направено расходи во вкупен износ од 149 илјади денари кои не се евидентирани како зголемување на вредноста на истите и истовремено зголемување на Државниот- јавен капитал. Ефект од тоа е искажани нереални состојби во сметководството и Билансот на состојба.
**Препорака:**
Надлежното одделение за сметководство на општина Струмица да ги има во вид овие состојби и да преземе мерки за надминување на истите бидејќи согласно Законот за територијална организација на единиците на локалната самоуправа во Република Македонија досегашната општина Куклиш станува населено место на општина Струмица.

**10.3. Неправилности во искажување на позициите во Билансот на состојба**

10.3.1. Пописот на средствата и изворите на средствата на општина Куклиш со

состојба на 30.06.2005 година не е извршен, иако е настаната статусна промена и субјектот е должен да изготви завршна сметка. Ова е спротивно на Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници. Како причина се јавува не добро спроведената постапка на примопредавање помеѓу постојната општина и општината кон која се припојува. Поради тоа искажаната состојба на материјалните средства на 30.06.2005 година не ја претставува реалната состојба на материјалните средства и нивните извори и истото доведува до нереални финансиски извештаи.

**Препорака:**

Надлежните во општината со состојба на денот на статусната промена се должни да извршат попис и да ја усогласат книговодствената со фактичката состојба и како такви состојбите треба да се превземат од општината кон која се врши припојување.

10.3.2. Состојбата на ставката Активни временски разграничувања е преценета за износ од 17 илјади денари за кој износ е потценета состојбата на ставката Парични средства во благајната и истовремено преценета е состојбата на Обврските спрема државни и други институции за 2 илјади денари, а е потценета состојбата на вишокот на приходи, што не е во согласност со Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници, а се јавува поради тоа што на денот на укинување на општина Куклиш во благајната имало непотрошени парични средства во износ од 17 илјади денари и истите требало во Билансот на состојба да бидат искажани на ставката Благајна.

Паричните средства од 17 илјади денари кој се јавуваат како непотрошени средства со денот на укинувањето на општина Куклиш, 29.04.2005 година биле уплатени на сметката на општина Струмица на 23.12.2005 година, со закаснување од 8 месеци што не е во согласност со Законот за платен промет и има за резултат неовластено и ненаменско користење на средствата на општината.

**Препорака:**

Надлежните органи да ги испитаат причините за ваквата појава и да преземат соодветни мерки.

11. Според наше мислење, поради значајноста на прашањата изнесени во точките 10.1.,10.2. и 10.3. финансиските извештаи не ја претставуваат вистинито и објективно финансиската состојба на Органот на општина Куклиш на 30 Јуни 2005 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

12. Според наше мислење, освен наодот изнесен во точка 10.3.2. кај Органот на општина Куклиш е остварено законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат расходи на единиците на локалната самоуправа, за периодот до 30.06.2005 година.

**Скопје, 16.02. 2007 година** **Овластен државен ревизор**

## ОРГАН НА ОПШТИНА КУКЛИШ
## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2005 ГОДИНА

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образложение | 2005 | 2004 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Даночни приходи | | 80 | 340 |
| Неданочни приходи | | 1 | 7 |
| Трансфери и донации | | 1,067 | 9,381 |
| **Вкупно приходи** | | **1,148** | **9,728** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | | 469 | 1,654 |
| Стоки и услуги | | 470 | 3,532 |
| Субвенции и трансфери | | 40 | 54 |
| Социјални бенефиции | | 5 | 8 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **984** | **5,248** |
| **Капитални расходи** | | | |
| Капитални расходи | | 149 | 4,480 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **149** | **4,480** |
| **Вкупно расходи** | | **1,133** | **9,728** |
| **Остварен вишок на приходи** | | **15** | **0** |

**ОРГАН НА ОПШТИНА КУКЛИШ**
**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА 30.06.2005**

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2005 | 2004 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Активни временски разграничувања | | 46 | 0 |
| **Вкупно тековни средства** | | **46** | **0** |
| **Постојани средства** | | | |
| Материјални средства | | 176 | 176 |
| **Вкупно постојани средства** | | **176** | **176** |
| **Вкупна актива** | | **222** | **176** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | | 29 | 0 |
| Обврски спрема државата и други институции | | 2 | 0 |
| Пасивни временски разграничувања | | 15 | 0 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **46** | **0** |
| **Извори на средства** | | | |
| Извори на капитални средства | | 176 | 176 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **176** | **176** |
| **Вкупна пасива** | | **222** | **176** |

**ОРГАН НА ОПШТИНА КУКЛИШ**
**ПРЕГЛЕД НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2005 ГОДИНА**

**во 000 денари**

| О П И С | Државен јавен капитал | Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност) | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2005 година** | **176** | | **176** |
| **Зголемување по основ на:** | **-** | | **-** |
| Набавки | | | - |
| Инвестиции во тек-градежни објекти опрема и др. | | | - |
| Пренос од средства во подготовка | | | - |
| Ревалоризација на капитални средства | | | - |
| Расходување | | | - |
| **Намалување по основ на:** | **-** | | **-** |
| Отпис на капитални средства | | | - |
| Ревалоризација на отпишани капитални средства | | | - |
| Амортизација | | | - |
| **Состојба 30.06.2005 година** | **176** | | **176** |